**З А П И С Н И К**
**Од 5- та седница на Советот на Општина Велес**
**која се одржа на 12.12.2025 година**

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 20 члена на Советот.

Потоа ја отвори 5-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:15 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа Записникот од 4-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа се јави Јованче Манасков. Претседателот даде одговор дека забелешката ќе биде имплементирана во Записниот од 4-та седница.

Се премина кон гласање на Записникот од 4-та седница и по гласањето се утврди дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“беше усвоен Записникот од 4-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на донација од ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес;
2. Предлог – програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година;
3. Предлог – План за изменување на План на Програма за развој (Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес) во 2026 година;
4. Предлог - План за изменување и дополнување на План на програма за развој(Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2026 година;
5. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година;
6. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година;
7. Нацрт – Буџет на Општина Велес за 2026 година;
8. Предлог–одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2025/2026 година;
9. Предлог – решение за давање позитивно мислење на Статутот на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес
10. Предлог – програма и план за работа на ЗЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци со предлог Буџет и финансиски план на ЗЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци за 2026 година;
11. Предлог – решение за именување заменици – претседатели на постојаните комисии на Советот на Општина Велес;
12. Предлог – решение за престанок на мандат на членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво;
13. Предлог – решение за именување членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво;
14. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Училишен одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, претставник на Општина Велес;
15. Предлог – решение за именување член на Училишен одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, претставник на Општина Велес;

Претседателот наведе дека точката под ред.бр. 11.Предлог – решение за именување заменици – претседатели на постојаните комисии на Советот на Општина Велес точка се симнува од дневен ред за денешната седница. Се премина кон гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни членови на Советот, членовите на Советот се изјаснија со 22 гласа „за“.

Претседателот наведе дека од страна на Градоначалникот е доставено Барање со број 08-5683/3 од 12.12.2025 година за дополнување на Дневниот ред со точка под ред.бр.7. Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување за итноста на предложената точка.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јави Јованче Манасков.

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

Итноста на точката се стави на гласање и од 22 присутни членови со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“, истата стана дел од Дневниот ред за денешната седница.

Членот Јованче Манасков предложи да се дополни дневниот ред со точка: Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустрискиот неопасен отпад на територијата на Општина Велес бр.25-2818/4 од 15.06.2023 година на Општина Велес.

Претседателот даде објаснување по однос на предлогот.

Членот Јованче Манасков се изјасни дека останува кон предлогот.

Се премина кон гласање и од 22 присутни членови на Советот, истите се изјаснија со 2 гласа „за“ и 20 гласа „воздржан“ не го доби потребното мнозинство да стане составен дел на Дневниот ред за денешната седница.

Членот Јованче Манасков предложи уште една нова точка: Информација за можноста од згрижување на нелегални мигранти од Велика Британија кои бараат азил во Република Северна Македонија, особено на подрачјето на Општина Велес.

Претседателот даде објаснување по однос на предлогот.

Членот Јованче Манасков се јави за збор.

Се премина кон гласање и од 22 присутни членови на Советот, истите се изјаснија со 2 гласа „за“, 3 гласа „воздржан“ и 17 гласа „против“ не го доби потребното мнозинство да стане составен дел на Дневниот ред за денешната седница.

За расправа со дискусија се јавија: Милка Панова и Мирјана Петрушевска Савова.

Предложениот дневен ред, се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 22 присутни членови на Советот со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на донација од ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес;
2. Предлог – програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година;
3. Предлог – План за изменување на План на Програма за развој (Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес) во 2026 година;
4. Предлог - План за изменување и дополнување на План на програма за развој(Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2026 година;
5. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година;
6. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година;

7. Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година
8. Нацрт – Буџет на Општина Велес за 2026 година;
9. Предлог–одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2025/2026 година;
10. Предлог – решение за давање позитивно мислење на Статутот на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес
11. Предлог – програма и план за работа на ЗЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци со предлог Буџет и финансиски план на ЗЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци за 2026 година;
12. Предлог – решение за престанок на мандат на членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво;
13.Предлог – решение за именување членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво;
14.Предлог – решение за престанок на мандат на член на Училишен одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, претставник на Општина Велес;
15.Предлог – решение за именување член на Училишен одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, претставник на Општина Велес;

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на донација од ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Одлуката за изменување на Одлуката за прифаќање на донација од ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес.

**ТОЧКА 2. Предлог – програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за изменување и дополнување на

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година.

**ТОЧКА 3. Предлог – План за изменување на План на Програма за развој (Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес) во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Планот за изменување на План на Програма за развој (Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес) во 2026 година.

**ТОЧКА 4. Предлог - План за изменување и дополнување на План на програма за развој(Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Славче Велков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков и Анета Стајиќ.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Планот за изменување и дополнување на План на програма за развој(Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2026 година.

**ТОЧКА 5. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Игор Стојанов, претседател на Комисијата за спорт и млади, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година.

**ТОЧКА 6. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков, Анета Стајиќ и Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.
Дополнителен одговор беше даден од страна на Претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“, 3 гласа „против“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година.

**ТОЧКА 7. Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник на општинската администрација, Моника Смилеска.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година.

**ТОЧКА 8. Нацрт – Буџет на Општина Велес за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

За расправа со дискусија, прашања, реплика и контрареплика се јавија: Јованче Манасков, Маја Демерџиева, Елизабета Митревска Анѓелеска и Мирјана Петрушевска Савова.

Одговор на поставените прашања дадоа овластените претставници на општинската администрација, Моника Смилеска и Анета Спасева.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се утврди текстот на Нацрт – Буџетот на Општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 9. Предлог–одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2025/2026 година**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За збор се јавија: Селма Амедоска и Мирјана Петрушевска Савова.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Одлуката за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 10. Предлог – решение за давање позитивно мислење на Статутот на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес, Благој Каракачанов, беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Мирјана Петрушевска Савова и Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде директорот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање позитивно мислење на Статутот на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес.

**ТОЧКА 11. Предлог – програма и план за работа на ЗЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци со предлог Буџет и финансиски план на ЗЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ЗЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци, Снежана Гинева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Звезданка Пешиќ, Анета Стајиќ, Јованче Манасков, Маја Демерџиева и Селма Амедоска.
Одговор на поставените прашања даде директорката.
За збор се јави Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се усвоија Програмата и Планот за работа на ЗЈП „Стационар

Шепа“ Кавадарци со предлог Буџет и финансиски план на ЗЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци за 2026 година.

**ТОЧКА 12. Предлог – решение за престанок на мандат на членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе Решението за престанок на мандат на членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво со кое се констатира престанок на мандатот на членовите: Даниел Јаневски, Силвија Богоевска, Пандорка Лазаровска Прличкова и Ана Бошкова.

**ТОЧКА 13. Предлог – решение за именување членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се донесе Решението за именување членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво се именуваат: Лилија Чолакова Дервишова, Селма Амедоска, Мирјана Петрушевска Савова и Ања Трајковска.

**ТОЧКА 14. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Училишен одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, претставник на Општина Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе Решението за престанок на мандат на член на Училишен одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, претставник на Општина Велес со кое се констатира престанок на мандатот на Верица Анѓушева.

**ТОЧКА 15. Предлог – решение за именување член на Училишен одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, претставник на Општина Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 15 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се донесе Решение за именување член на Училишен одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, претставник на Општина Велес со кое се именува Паулина Ставрева.

Седницата беше закажана за во 10:00 часот, започна со работа во 10:15, а заврши во 13:12 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 25-
2025 година
Велес